# ЗАКОН
# ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВЊЕ НА
# ЗАКОНОТ ЗА ВОДНИТЕ ЗАЕДНИЦИ

**Сл. Весник на Р. Македонија бр.113/07 од 20.09.2007 год.**

**Член 1**

Во Законот за водните заедници (“Службен весник на република македонија‟ број 51/2003 и 95/2005), во членот 3 по ставот (2) се додава нов став (3), кој гласи:

“3) Во случајот кога хидромелиоративната единица е составена од повеќе помали хидротехнички целини чие функционирање во наводнувањето и/или одводнување може да биде и самостојно, во тој случај хидромелиоративната единица е делива и по иницијатива на корисниците на тие површини може да се основаат две или повеќе водни заедници.‟

**Член 2**

Во членот 5 по ставот (3) се додава нов став (4), кој гласи:

“4) Заедницата може да испорача технолошка вода на правни и физички лица, врз основа на договор, доколку овие корисници можат да се снабдуваат со вода од системот со кој управува и го користи водната заедница, а по претходно добиена согласност од Управата за водостопанство.‟

**Член 3**

Во членот 25 по ставот (1) се додава нов став (2), кој гласи:

“2) Одредбите на овој закон што се однесуваат на основање на заедницата се применуваат и во случај на постоење иницијатива за издвојување од постојната водна заедница, а по претходно добиена согласност од Управата за водостопанство.‟

**Член 4**

По членот 66 се додава но член 66-а, кој гласи:

**“Член 66-а**

Доколку водната заедница не располага со сопствени административни и други простории, просторни услови за работа, како канцелариски простор и простор за складирање на возила, резервни делови, мобилна водостопанска опрема и други неопходни движни ствари, на барање на водната заедница минимум просторни услови за овие намени може да обезбеди општината на чие подрачје е седиштето на водната заедница.‟

**Член 5**

Во членот 70 по ставот (2) се додава нов став (3), кој гласи:

“3) На предлог на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, Владата на република Македонија донесува одлука за пренесување на користење и управување на инфраструктурата за наводнување и/или одводнување на сојузот на водни заедница, како и на постројките и другите објекти кои се во функција на инфраструктурата, а кои не се на територијата на одделни водни заедници кои што се здружиле во сојузот. На сојузот може да му се пренесат административни и други просторни потребни за вршење на дејностите на сојузот доколку истите не се користат од одделна водна заедница.‟

**Член 6**

Во членот 74 ставот (2) се менува и гласи:

"По бришењето на заедницата од регистарот, до основање на нова заедница, за остварување на водостопанската дејност од јавен интерес на територијата на заедницата ќе се грижи водостопанството кое ја снабдува со вода водната заедница или водостопанството кое со решение ќе го определи министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство."

**Член 7**

Се задолжува Законодавно-правната комисија на Собранието на Република Македонија да утврди пречистен текст на Законот за водните заедници.

**Член 8**

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето на „Службен весник на Република Македонија".